Врз основа на член 22 став 1 точка 4 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ„ бр.5/2002), член 26, 29 и 89 од Законот за концесии и други видови на јавно-приватно партнерство („Сл. Весник на РМ„ бр. 7/2008, 139/2008, 64/2009), и член 14 точка 40 од Статутот на Општината Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка„ бр. 07/06), Советот на Општина Крива Паланка на својата XVI седница, одржана на ден 17.05 .2010 година, донесе

# О Д Л У К А

## За започнување на постапка за јавно-приватно партнерство

### Ч л е н 1

Се започнува постапка за доделување на договор за јавно-приватно партнерство (во натамошниот текст: ЈПП), за изградба на административно-деловен објект „Мала зграда“ Су+Пр+2 со површина од 1.012 м2 на градежна парцела која претставува КП 805 КО Крива Паланка-Лев брег.

### Ч л е н 2

Цели кои треба да се остварат со ЈПП се:

(1) изградба на општински административен простор преку создавање на партнерство со приватен партнер;

(2) подобрување на условите за работа на органите на општината и општинската администрација;

(3) обезбедување на поквалитетни услуги на граѓаните и правните лица на подрачјето на општина Крива Паланка.

### Ч л е н 3

ЈПП ќе се реализира со здружување на средства, при што Општина Крива Паланка ќе стекне право на сопственост на 46,5%, (93/200) идеален дел со површина од 470,8 м2, кои претставуваат први и втори кат од административно-деловниот објект, додека приватниот партнер ќе стекне право на сопственост на 53,5% (107/200) идеален дел со површина 541.6 м2, кои претставуваат сутерен и приземје од административно-деловниот објект.

### Ч л е н 4

Проценетата вредност на ЈПП изнесува 33.312.011,оо денари (541.658,7 Евра).

### Ч л е н 5

Договорот за ЈПП ќе се додели преку јавен повик кој ќе се организира и спроведе како Отворен повик, согласно одредбите на Законот за концесии и други видови на јавно - приватно партнерство.

### Ч л е н 6

Се овластува Градоначалникот на Општина Крива Паланка да ја спроведе постапката за доделување на договор за ЈПП, преку формирање на Комисија за спроведување на постапката за доделување на договор за ЈПП.

### Ч л е н 7

Се задолжува Комисијата за спроведување на постапката за доделување на договорот за ЈПП, во рок од 15 дена од денот на нејзиното формирање да изготви тендерска документација, а во рок од 15 дена од денот на

одобрувањето на тендерската документација од страна на Градоначалникот, да го објави јавниот повик за доставување на понуди за доделување на договор за ЈПП.

Јавниот повик да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“, „Службен весник на Република Македонија“ и во едно домашно јавно гласило (дневен весник).

**Член 8**

Висината на надоместокот за издавање на тендерската документација ќе изнесува 1.500,00 денари.

**Член 9**

Оваа одлука да се објави во „Службен гна Општина Крива Паланка“, „Службен гласник на Република Македонија“ и во едно домашно јавно гласило (дневен весник).

**Член 10**

Оваа Оддлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.07-1944/3**
**17.05.2010 год.**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**Миле Милковски, с.р.**

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива паланка“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

## З А К Л У Ч О К
### За прогласување на Одлуката за започнување на постапка за јавно-приватно партнерство

1. Се прогласува Одлуката за започнување на постапка за јавно-приватно партнерство што Советот ја донесе на 16-та седница одржана на 17.05.2010 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 1944/4**
**20.05.2010 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Дипл.прав. Арсенчо Алексовски,с.р.**

---

Врз основа на член 36, став 1, точка 2 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) , а во врска со член 34 од Законот за Буџетите („Службен гвесник на РМ“ бр.64/05, 4/08), Советот на Општина Крива Паланка на седницата, одржана на 17.05.2010 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За проширување на средствата на Буџетот на Општината Крива Палнака за 2010 година**

**Член 1**

Со оваа Одлуката се врши проширување на средствата во Буџетот на Општина Крива Паланка за 2010 година, и тоа на следниот начин:

**Се зголемуваат приходите на следните потставки:**

| | Буџет | Самофин. | Донации | Дотации | Кредит |
|---|---|---|---|---|---|
| 718140 – Надомест за одржув. на јавна чистота | 1.310.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 741111 – Тековни трансфери од др. нивоа на власт | 5.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 741120 – Блок дотации на Оопштин. по одделни намени | 0 | 0 | 0 | 461.004 | 0 |
| | 6.310.000 | 0 | 0 | 461.004 | 0 |

**И се распоредуваат на следните потпрограми и расходни потставки:**

**Е00 ОПШТИНСКА АДМИНИСТРАЦИЈА**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 423810 – Ситен инвентар | 150.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 464940 – Трансфери при пензионирање | 50.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |

**ЕА0 КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ НА ОПШТИНА**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 480170 – Геодетска опрема | 500.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |

**Ј80 ДРУГИ КОМНАЛНИ УСЛУГИ**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 423410 – Прехр. проду.и пијалоци | 100.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 425990 – Други договорни услуги | 510.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 480220 – Купување на маш.за изград. | 3.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 486120 – Купување на камиони | 2.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |

**N20 СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 424210 – Одржување на згради | 0 | 0 | 0 | 52.328 | 0 |

**V10 – ДЕТСКИ ГРАДИНКИ**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 421110 – Електрична енергија | 0 | 0 | 0 | 50.000 | 0 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **423810 – Ситен инвентар** | 0 | 0 | 0 | 100.000 | 0 |
| **424210 – Одржување на зграда** | 0 | 0 | 0 | 123.394 | 0 |
| **424440 – Поправ.и одрж.на др.опрема** | 0 | 0 | 0 | 135.282 | 0 |
| | 6.310.000 | 0 | 0 | 461.004 | 0 |

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето и станува составен дел на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2010 година, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 07- 1944/5** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**17.05.2010 год.** **Претседател,**
**Крива Паланка** **Миле Милковски,с.р.**

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива паланка“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Одлуката за проширување на средствата на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2010 година**

1. Се прогласува Одлуката за проширување на средствата на Буџетот на Опшатина Криа Паланка за 2010 година, што Советот ја донесе на 16-та седница одржана на 17.05.2010 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 1944/6** **ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**20.05.2010 год.** **Градоначалник,**
**Крива Паланка** **Дипл.прав. Арсенчо Алексовски,с.р.**

---

Врз основа на член 36, став 1, точка 2 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/2002), член 23 став 5 од Законот за финансирање на Единиците на локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 61/2004 и 96/2004, 97/07 и 156/09), и член 14 од Статутот на Општината Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.7/2006), Советот на Општина Крива Паланка на седницата, одржана на 17.05.2010 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општината Крива Палнака за 2010 година**

**Член 1**

Во Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Крива Паланка бр. 07-4457/1 од 24.12.2009г. („Службен гласник на Општина Крива Паланка бр.14/09), се вршат слелдните дополнувања:

**Дополнување на член 9**

Во член 9 после став 6 се додава нов став и тоа 7 кои гласи:

На лицата кои обавуваат волонтерска работа за извршување на одделни работни задачи им се исплатува 3.900,00 денари месечно.

**Дополнување на член 12**

Во член 12 после став 1 се додава нов став 2 кои гласи:

На врабоатените кои поради промена на внатрешната организација се укинува работното место заради структурални промени, му се исплатува испратнина во зависност од работниот стаж во Органот, во висина на просечна нето плата остварена во последните 6 месеци пред престанокот на вработувањето во органот.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

Бр. 07- 1944/7 СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
17.05.2010 год. Претседател,
Крива Паланка Миле Милковски,с.р.

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива паланка“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За прогласување на Одлуката за дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2010 година**

1. Се прогласува Одлуката за дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Опшатина Криа Паланка за 2010 година, што Советот ја донесе на 16-та седница одржана на 17.05.2010 година.
2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.
3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

Бр. 08 – 1944/8 ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
20.05.2010 год. Градоначалник,
Крива Паланка Дипл.прав. Арсенчо Алексовскис.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 2 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/2002) а врз основа на член 34 од Законот на Буџетите („Службен весник бр.64/05, 4/08), Советот на Општина Крива Паланка на седницата, одржана на 17.05..2010 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општината Крива Паланка за 2010 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Крива Паланка за 2010 година, и тоа на следниот начин:

| Потпрограма Потставка | Буџет | Самофин. | Донации | Дотации | Кредит |
|---|---|---|---|---|---|
| **G10 ПОДДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ** | | | | | |
| 426990 – Други оперативни расходи | -30.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 426310 – Семинари и конференции | 30.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **H10 ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | | |
| 425760 – Превозни усллуги во образова. | – 6.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 425920 – Услуги за копирање, печате-ње и издавање | 6.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 425760 – Превоз.усл.во образованието | -10.250 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 426210 - Расходи за репресентација | 10.250 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето и станува составен дел на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2010 година, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 07-1944/9**
**17.05.2010 год.**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**Миле Милковки,с.р.**

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива паланка“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Одлуката за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2010 година**

1. Се прогласува Одлуката за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Опшатина Криа Паланка за 2010 година, што Советот ја донесе на 16-та седница одржана на 17.05.2010 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 1944/10**
**20.05.2010 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Дипл.прав. Арсенчо Алексовски, с.р.**

---

Врз основа на член 32 од Законот за финансирање на локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.61/04......96/04) и член 14 од Статутот на Општина Крива Паланка, („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 7/06), Советот на Општина Крива Паланка на седницата, одржана на 17.05.2010 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Крива Паланка К 1 и К 2 за I квартал во 2010 година**

1. Се усвојува Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Крива Паланка К 1 и К 2 за I квартал во 2010 година.

2. Оваа Одлука влегува во сила 8-от ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 07 – 1944/11**
**17.05.2010 год.**
**Крива Палнака**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**Миле Милковски,с.р.**

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива паланка“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

## З А К Л У Ч О К
## За прогласување на Одлуката за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Крива Паланка за К-1 и К-2 за 1 квартал во 2010 година

1. Се прогласува Одлуката за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Опшатина Криа Паланка за К-1 и К-2 за 1 квартал за 2010 година, што Советот ја донесе на 16-та седница одржана на 17.05.2010 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 1944/12**
**20.05.2010 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Дипл.прав. Арсенчо Алексовски, с.р.**

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа(“Службен весник на РМ” бр 5/2002), член 14 став 1 точка 30 од Статутот на Општина крива Паланка (“Службен гласник на Општина Крива Паланка ” бр.7/06), а во согласност со член 10 од Одлуката за користење и располагање со ствари на Општина Крива Паланка( “Службен гласник на Општина крива Паланка” бр.4/2006 год.) Советот на општина Крива Паланка на седницата одржана на 17.05.2010 година, донесе

## О Д Л У К А
## За купување на градежно земјиште за потребите на Општина Крива Паланка

Член 1

Се одобрува купување на градежно земјиште во површина од 116м2 за санација на свлечиште во населба Илинден Општина Крива Паланка кое се наоѓа на кп. бр.4041/2 во површина од 94м2 и кп.бр. 4041/3 во површина од 22м2 , сопственост на Илиев Звонко од Крива Паланка.

Член 2

Купувањето на градежното земјиште ќе се изврши по цена од 5000 евра во која цена влегува и надоместокот за помошни објекти кои се зафаќаат со санација на свлечиштето.

Член 3

Средствата за купување на градежното земјиште ќе бидат обезбедени од Буџетот на Општина Крива Паланка.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила од денот на донесувањето , а ќе се објави во Службен гласник на Општина Крива Паланка.

Бр. 07- 1944/13
17.05.2010 год.
Крива Паланка

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**Миле Милковски,с.р.**

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива паланка“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

## З А К Л У Ч О К
## За прогласување на Одлуката за купопродажба на земјиште

1. Се прогласува Одлуката за купопродажба на земјиште, што Советот ја донесе на 16-та седница одржана на 17.05.2010 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 1944/14**
**20.05.2010 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Дипл.прав. Арсенчо Алексовски,с.р.**

---

Врз основа на член 36, став 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02), а во врска со лчлен 3, став 1, точка 4 и член 6 од Законот за донации и за спонзорство во јавните дејности („Службен весник на РМ“ бр. 47/06) и член 6, став 3 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 61/04) и член 14, точка 40 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 7/06“), Советот на Општина Крива Паланка на седницата, одржана на 17.05.2010 година, донесе

## О Д Л У К А
## За примање на донација

### Член 1

Со оваа Одлука се дава согласност за примање на донација на возило Комбе марка Мерцедес Вито .

### Член 2

Средствата за транспорт и царина на возилото Комбе марка Мерцедес Вито од Италија до Општина Крива Паланка Република Македонија во висина од 1.600,00 Еура ќе бидат исплатени од Буџетот на Општина Крива Паланка за 2010 година.

**Член 3**

Составен дел на оваа Одлука е Договорот што треба да се склучи помеѓу донаторот LOKALTO FAKOLTA – ARTENA – UDINE – ITALIJA -и Градоначалникот на Општина Крива Паланка.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а истата ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

Бр.07 –1944/15 СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
**17.05.2010 год,** **Претседател,**
**Крива Паланка** **Миле Милковски,с.р.**

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива паланка“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

## З А К Л У Ч О К
## За прогласување на Одлуката за примање на донација

1. Се прогласува Одлуката за примање на донација, што Советот ја донесе на 16-та седница одржана на 17.05.2010 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 1944/16** **ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**20.05.2010 год.** **Градоначалник,**
**Крива Паланка** **Дипл.прав. Арсенчо Алексовски,с.р.**

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 14, став 1, точка 41 од Статутот на Општина Крива Паланка („„Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 7/06), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на 17.05.2010 година, донесе

## О Д Л У К А
## За набавка на градежни машини за потребите на ЈП„Калин Камен“ - Општина Крива Паланка

Член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Крива Паланка дава согласност за набавка на градежни употребувани машини и тоа: Скип 4 x 4, Мал Скип, Камион

кипер 4 х 4 и Дигалка за улично осветлувае за потребите на ЈП „Калин Камен“ – Општина Крива Паланка,врз основа на дополнување на Планот за јавни набавки за 2010 година – заведен под реден број 19-164/2 од 30.04.2010 година, а согласно Одлуката за проширување на средства на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2010 година.

Член 2

Набавката на градежните машини да се изврши согласно Законот за јавни набавки („Службен весник на РМ“ бр. 136/07).

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 07 – 1944/17** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**17.05.2010 год.** **Претседател,**
**Крива Палнака** **Миле Милковски,с.р.**

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива паланка“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

## З А К Л У Ч О К
**За прогласување на Одлуката за набавка на градежни машини**

1. Се прогласува Одлуката за набавка на градежни машини, што Советот ја донесе на 16-та седница одржана на 17.05.2010 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 1944/18** **ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**20.05.2010 год.** **Градоначалник,**
**Крива Паланка** **Дипл.прав. Арсенчо Алексовски, с.р.**

---

Врз основа на член 14, став 1, точка 30 од од Статутот на Општина Крива Паланка, („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 7/06) и член 7од Одлуката за користење и располагање со стварите на Општина Крива Паланка бр. 07-928/3 од 06.06.2006 година, Советот на Општина Крива Паланка на седницата, одржана на 17.05.2010 година, донесе

## О Д Л У К А
**За давање на користење на градскиот базен**
**во Крива Паланка**

**Член 1**

Со оваа Одлука градскиот базен во Крива Паланка се издава на користење на ЈП „Комуналец“ – Крива Паланка за период од 2 години, односно од 01.06.2010 до 01.06..2012 година.

**Член 2**

Условите и начинот на користење на градскиот базен во Крива Паланка ќе бидат уредени со Договор за издавање на користење, склучен помеѓу Градоначалникот на Општина Крива Паланка и директорот на ЈП „Комуналец“ – Крива Паланка.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 07 – 1944/19** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**17.05.2010 год.** **Претседател,**
**Крива Паланка** **Миле Милковски,с.р.**

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива паланка“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Одлуката за давање на користење**
**Градски базент во Крива Паланка**

1. Се прогласува Одлуката за давање на користење Градски базент во Крива Паланка, што Советот ја донесе на 16-та седница одржана на 17.05.2010 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 1944/20** **ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**20.05.2010 год.** **Градоначалник,**
**Крива Паланка** **Дипл.прав. Арсенчо Алексовски,с.р.**

---

Врз основа на член 412 од Законот за безбедност на патиштата („Службен весник на РМ“ бр.54/07 ), член 22 став 1 точка 4, член 23 и 36 од Законот за локалната самоуправа (Слуебен Весник на Р. М бр.5/2002) и член 18 од Статутот на општина Крива Паланка („Службен гласник на општина Крива Паланка“ бр.7/06), Советот на општина Крива Паланка на седницата одржана на ден 17.05.2010 година, донесе

# О Д Л У К А
# ЗА ФОРМИРАЊЕ ОПШТИНСКИ СОВЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА СООБРАЌАЈОТ НА ПАТИШТАТА ВО ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

**Член 1**

Со оваа одлука се формира општински совет за безбедност на сообраќајот на патиштата во општина Крива Паланка (ОСБСП), се определуваат задачите на ОСБСП, изборот и мандатот на членовите, претседателот и Секретарот на ОСБСП и начинот на финансирање.

## ЗАДАЧИ НА ОСБСП

**Член 2**

Задачи на ОСБСП се

- унапредување на работите сврзани со безбедноста во сообраќајот на патишта во општината
- унапредување на сообраќајното воспитување и образование на учесниците во сообраќајот и развивање на сообраќајно образовната работа на предучилишните установи и училиштата
- остварување на соработка и координација во превентивната работа на органите, институциите, правните лица и други субјекти на самозаштита во областа на патниот сообраќај
- организирање на учество во сообраќајно воспитни акции и манифестации од областа на сообраќајната превентива
- поттикнување , разввиање и помагање на научно истражувачката работа во БПС
- набавка и издавање на сообраќајно воспитни публикации филмови и сличен материјал
- организирање на научни истручни собири за работата од обласа на безбедноста во патниот сообраќај
- соработка со средствата за јавно информирање на јавноста за мерките за унапредување на сообраќајната превентива и БСП

## ЧЛЕНОВИ НА ОСБСП

**Член 3**

Членовите на ОСБСП Крива Паланка се именуваат согласно на член 414 од ЗБСП, нив ги избира Советот на општина Крива Паланка на предлог на Републичкиот Совет за безбедност на сообраќајот на патиштата со мандат од 4 години со право на повторно именување. ВО ОСБСП се именуваат Претседател и Секретар на ОСБСП Крива Паланка.

## РАБОТА НА ОСБСП

**Член 4**

ОСБСП Крива Паланка работи според деловник за работа донесен од страна на Советот на Општина Крива Паланка со кој поблиску се уредуваат неговите задачи и начин на работа.

ПРОГРАМА ЗА РАБОТА И ФИНАНСИРАЊЕ НА ОСБСП

**Член 5**

За остварување на неговите задачи ОСБСП Крива Паланка донесува Програма за работа за секоја календарска година

Програмата за ОСБСП ќе се финансира од Буџетот на општина Крива Паланка, РСБСП, донациии други извори согласно на законите на Р. Македонија

ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 6**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Крива Паланка “.

**Бр. 07 – 1944/21** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**17.05.2010 год.** **Претседател,**
**Крива Паланка** **Миле Милковски, с.р.**

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива паланка“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За прогласување на Одлуката за формирање Општински совет за безбедност на сообраќајот на патиштата во Општина Крива Паланка**

1. Се прогласува Одлуката за формирање Општински совет за безбедност на сообраќајот на патиштата во Општина Крива Паланка, што Советот ја донесе на 16-та седница одржана на 17.05.2010 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 1944/22** **ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**20.05.2010 год.** **Градоначалник,**
**Крива Паланка** **Дипл.прав. Арсенчо Алексовски,с.р.**

---

Врз основа на член 412 од Законот за безбедност на патиштата („Сл.весник на РМ“ бр.54/07 ), член, 22 став 1, точка 4, член 23 и 36 од Законот за локалната самоуправа („Слуебен Весник на Р. М“ бр.5/2002) и член 18 од Статутот на општина Крива Паланка („Службен гласник на општина Крива Паланка“ бр.7/06) и член 4 од Одлука за формирање општински совет за безбедност на сообраќајот на патиштата во општина Крива Паланка Советот на општина Крива Паланка на седницата одржана на ден 17.05.2010 година, донесе

**П Р Е Д Л О Г - Р Е Ш Е Н И Е**
**За именување на членови на Општинскиот Совет за берзбедност на сообраќајот на патиштата во Општина Крива Паланка**

1. За членови на на Општинскиот Совет за безбедност на сообраќајот на патиштата во Општина Крива Паланка се именуваат

| | |
|---|---|
| 1. Претседател | Александар Рангелов |
| 2. Секретар | Стојмир Стефановски |
| 1. Член | Миле Милковски |
| 2. Член | Драган Ристовски |
| 3. Член | Миле Стаменковски |
| 4. Член | Иле Коцевски |
| 5 Член | Јоско Павловски |
| 6. Член | Игор Додевски |
| 7. Член | Олгица Алексовска |
| 8. Член | Слаѓана Николовска |
| 9. Член | Ивица Тошевски. |
| 10. Член | Драги Тодоровски |
| 11. Член | Игор Ѓоргиевски |

2. Предлог - Решението да се достави до именуваните, Градоначалникот и Архивата на Општина Крива Паланка.

3. Предлог - Решението влегува во сила осмиот ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Крива Паланка “.

**Бр. 07-1944/23** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**17.05. 2010 год.** — **Претседател,**
**Крива Паланка** — **Миле Милковски,с.р.**

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива паланка“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Предлог - Решение за именување членови на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата во Општина Крива Паланка**

1. Се прогласува Предлог - Решението за именување членови на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата во Општина Крива Паланка, што Советот го донесе на 16-та седница, одржана на 17.05.2010 година.

2. Решението да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 1944/24**
**20.05.2010 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Дипл.прав. Арсенчо Алексовски,с.р.**

---

Врз основа на член 36, став 1, точка 5 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Р. Македонија“ бр.05/2002), член 14 став 1, точка 26 од Статутот на Општина Крива Паланка бр.07/2006) Советот на Општина Крива Паланка на Седницата одржана на ден 17.05.2010 година донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За именување на членови на Управниот Одбор на ЈП “КАЛИН КАМЕН“ Крива Паланка**

1. За членови на Управниот Одбор на ЈП “КАЛИН КАМЕН“ Крива Паланка се именуваат :

- МОМЕ КРСТЕВСКИ;
- СТОЈАДИН ГОГОВСКИ;
- ИГОР ТОДОРОВСКИ;
- АЛЕКСАНДАР РАНГЕЛОВ;
- РОБЕРТ ТРАЈЧЕВСКИ;
- МИТРЕ НИКОЛОВСКИ; и
- ДРАГАН КИТАНОВСКИ.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во Службен Гласник на општина Крива Паланка.

**Бр.07-1944/25**
**17.05.2010 година**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**Миле Милковски,с.р.**

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива паланка“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Решение за именување членови на Управниот одбор на ЈП „Калин Камен“ - Крива Паланка**

1. Се прогласува Решението за именување членови на Управниот одбор на ЈП „Калин Камен“ – Крива Паланка, што Советот го донесе на 16-та седница, одржана на 17.05.2010 година.

2. Решението да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08-1944/26** **ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**20.05.2010 год.** **Градоначалник,**
**Крива Паланка** **Дипл.прав. Арсенчо Алексовски,с.р.**

---

Врз основа на чл.36 од Законот за локалната самоуправа (Сл.Весник на Р. Македонија бр.05/2002), чл.14 од Статутот на Општина Крива Паланка бр.07/2006) Советот на Општина Крива Паланка на Седницата одржана на ден 17.05.2010 година донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За именување на членови на Одборот за контрола на материјалното - финансиско работење на ЈП “КАЛИН КАМЕН“ Крива Паланка**

1. За членови на Одборот за контрола на материјалното – финансиско работење на ЈП “КАЛИН КАМЕН“ Крива Паланка се именуваат :

- ОЛИВЕР МИТОВ;
- РАДЕ НИКОЛОВСКИ;
- СТЕВЧЕ ЈОСИФОВСКИ;
- АЛЕКСАНДАР ЦВЕТКОВСКИ; и
- СТОЈАДИН СТОЈЧЕВСКИ.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во Службен Гласник на Општина Крива Паланка.

**Бр.07-1944/27** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**17.05.2010 година** **Претседател,**
**Крива Паланка** **Миле Милковски, с.р.**

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива паланка“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

## З А К Л У Ч О К
## За прогласување на Решение за именување членови на Одборот за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП „Калин Камен“ Крива Паланка

1. Се прогласува Решението за именување членови на Одборот за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП „Калин Камен“ – Крива Паланка, што Советот го донесе на 16-та седница, одржана на 17.05.2010 година.

2. Решението да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 1944/28**
**20.05.2010 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Дипл.прав. Арсенчо Алексовски,с.р.**

---

Врз основа на член 50-а од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ “ бр.24/08 и 91/09) и член 14 од Статутот на Општина Крива Паланка (Службен гласник на општината Крива Паланка Бр.7/2006) Советот на општината Крива Паланка на седницата одржана на ден 17.05.2010 година донесе

## О Д Л У К А
## За одобрување на Локална урбанистичка планска документација

### Член 1

Се одобрува Локална урбанистичка планска документација за уредување и користење на просторот во рамките на новоформираната градежна парцела формирана од :

-Зафат на Кркљанска Река К.П.бр. 3867; 3886; 3887 и 5388 во КО Крклја;

-Цевковод;

-Машинска куќичка на К.П.бр.1947 и 5388 во КО Крклја.

-Далновод за поврзување на електроенергетска мрежа од машинската куќичка до првиот среднонапонски далекувод на дистрибутивната мрежа.

### Член 2

Граница на опфат на градежна парцела која се определува со локална урбанистичка планска документација се следните:

- Зафат на Крклјанска Река К.П. бр.3867; 3886; 3887 и 5388 КО Крклја.

- Цевковод покрај Крклјанска река;

- Машинска куќичка на К.П. 1947 и 5388 во КО Крклја.

- Далновод за поврзување на електроенергетската мрежа од машинската куќичка до првиот среднонапонски далновод на дистрибутивната мрежа.

**Член 3**

Површина на планскиот опфат на градежната парцела: 20901,оо м2.

**Член 4**

Намена: Основна класа на намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија.

**Член 5**

Локална урбанистичка планска документација со технички број 78/10 од 16.04.2010 година е изработен од Друштво за производство, услуги и промет „Билд“ ДООЕЛ-Скопје, со лиценца за изработка на урбанистички планови бр.0014.

**Член 6**

За локалната урабситичка планска документација согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање е направена Стручна ревизија со технички број 142/2010 од април 2010година од страна на „Планерис“ од Куманово со лиценца за изработка на урбанистички планови број 0016.

**Член 7**

Локалната урбанистичка планска документација содржи:

-планиран развој-текстуален и графички приказ во размер 1:1000.

-документациона основа со текстуален и графички приказ во размер 1:1000 и 1:2500.

**Член 8**

Локалната урбанистичка планска документација е изработена во пет примероци од кои еден примерок се чува во органот што го одобрил, еден примерок задржува барателот, еден примерок се доставува до Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам и еден примерок во Агенцијата за катастар на недвижности.

**Член 9**

Локалната урбанистичка планска документација ќе се применува по нејзиното одобрување и по извршеното картирање на хамер.

**Член 10**

Локалната урбанистичка планска документација со решение ја одобрува градоначалникот на општината на предлог на комисијата за мислење по Нацрт-плановите и одобрување на локална урбанистичка планска документација формирана од градоначалникот на општината.

**Член 11**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крива Паланка.

**Бр.07-1944/29**
**17.05.2010 год.**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**Миле Милковски,с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива паланка“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За прогласување на Одлуката за одобрување на локална урба-нистичка планска документација за изградба на мини-хидроцентрали во КО Крклја**

1. Се прогласува Одлуката за одобрување на локална урбанистичка планска документација за изградба на мини-хидроцентрали во КО Крклја, што Советот ја донесе на 16-та седница одржана на 17.05.2010 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 1944/30**
**20.05.2010 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Дипл.прав. Арсенчо Алексовски,с.р.**

---

Врз основа на член 50-а од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ “ бр.24/08 и 91/09) и член 14 од Статутот на Општина Крива Паланка (Службен гласник на општината Крива Паланка Бр.7/2006) Советот на општината Крива Паланка на седницата одржана на ден 17.05.2010 година донесе

**О Д Л У К А**

**За одобрување на Локална урбанистичка планска документација**

**Член 1**

Се одобрува Локална урбанистичка планска документација за уредување и користење на просторот во рамките на новоформираната градежна парцела формирана од :

-Зафат 1 на К.П.1513 КО Костур на река Градишки дол;

-Зафат 2 на К.П. 1472; 1433 и 1508 на река Врањанска во КО Костур;

-Цевководи;

-Машинска куќичка;

-Далновод за поврзување на електроенергетска мрежа од машинската куќичка до првиот среднонапонски далекувод на дистрибутивната мрежа.

**Член 2**

Граница на опфат на градежна парцела која се определува со локална урбанистичка планска документација се следните:

-Зафат 1 на К.П.1513 КО Костур на река Градишки дол;

-Зафат 2 на К.П. 1472; 1433 и 1508 на река Врањанска во КО Костур;

-Цевковод покрај Градишки дол и Врањанска река;

-Машинска куќичка;

-Далновод за поврзување на електроенергетската мрежа од машинската куќичка до првиот среднонапонски далновод на дистрибутивната мрежа.

**Член 3**

Површина на планскиот опфат на градежната парцела: 22.064,оо м2.

**Член 4**

Намена: Основна класа на намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија.

**Член 5**

Локална урбанистичка планска документација со технички број 61/10 од март 2010 година е изработен од Друштво за производство, услуги и промет „Билд“ ДООЕЛ-Скопје, со лиценца за изработка на урбанистички планови бр.0014.

**Член 6**

За локалната урабситичка планска документација согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање е направена Стручна ревизија со технички број 103/2010 од април 2010 година од страна на „Планерис“ од Куманово со лиценца за изработка на урбанистички планови број 0016.

**Член 7**

Локалната урбанистичка планска документација содржи:

-планиран развој-текстуален и графички приказ во размер 1:1000.

-документациона основа со текстуален и графички приказ во размер 1:1000 и 1:2500.

**Член 8**

Локалната урбанистичка планска документација е изработена во пет примероци од кои еден примерок се чува во органот што го одобрил, еден примерок задржува барателот, еден примерок се доставува до Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам и еден примерок во Агенцијата за катастар на недвижности.

**Член 9**

Локалната урбанистичка планска документација ќе се применува по нејзиното одобрување и по извршеното картирање на хамер.

**Член 10**

Локалната урбанистичка планска документација со решение ја одобрува градоначалникот на општината на предлог на комисијата за мислење по Нацрт-плановите и одобрување на локална урбанистичка планска документација формирана од градоначалникот на општината.

**Член 11**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крива Паланка.

**Бр.07-1944/31** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**17.05.2010 год.** **Претседател,**
**Крива Паланка** **Миле Милковски,с.р.**

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива паланка“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

## З А К Л У Ч О К
**За прогласување на Одлуката за одобрување на локална урбанистичка планска документација за изградба на мини-хидроцентрали во КО Костур**

1. Се прогласува Одлуката за одобрување на локална урбанистичка планска документација за изградба на мини-хидроцентрали во КО Костур, што Советот ја донесе на 16-та седница одржана на 17.05.2010 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 1944/32** **ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**20.05.2010 год.** **Градоначалник,**
**Крива Паланка** **Дипл.прав. Арсенчо Алексовски,с.р.**

---

Врз основа на член 14, точка 27 од Статутот на Општина Крива Паланка, („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 7/06), Советот на Општина Крива Паланка на седницата, одржана на 17.05.2010 година, донесе

## О Д Л У К А
**За усвојување на Извештај за работа на ЈП „Комуналец“ - Крива Паланка за 2009 година**

1. Се усвојува Извештајот за работа на ЈП „Комуналец“ – Крива Паланка за 2009 година.

2. Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

Бр. 07 – 1944/33
17.05.2010 год.
Крива Палнака

СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Претседател,
Миле Милковски,с.р.

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива паланка“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

## З А К Л У Ч О К
## За прогласување на Одлуката за усвојување на Извештај за работа на ЈП „Комуналец“- Крива Паланка за 2009 година

1. Се прогласува Одлуката за усвојување на Извештајот за работа на ЈП „Комуналец“ – Крива Паланка за 2009 година, што Советот го донесе на 16-та седница одржана на 17.05.2010 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

Бр. 08 – 1944/34
20.05.2010 год.
Крива Паланка

ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Градоначалник,
Дипл.прав. Арсенчо Алексовски,с.р.

---

Врз основа на член 14, точка 27 од Статутот на Општина Крива Паланка, („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 7/06), Советот на Општина Крива Паланка на седницата, одржана на 17.05.2010 година, донесе

## О Д Л У К А
## За усвојување на Програма за работа на ЈП „Комуналец“ - Крива Паланка за 2010 година

1. Се усвојува Програмата за работа на ЈП „Комуналец“ – Крива Паланка за 2010 година.

2. Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

Бр. 07 – 1944/35
17.05.2010 год.
Крива Палнака

СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Претседател,
Миле Милковски,с.р.

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива паланка“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

## З А К Л У Ч О К
## За прогласување на Одлуката за усвојување на Програма за работа на ЈП „Комуналец“- Крива Паланка за 2010 година

1. Се прогласува Одлуката за усвојување на Програма за работа на ЈП „Комуналец“ – Крива Паланка за 2010 година, што Советот ја донесе на 16-та седница одржана на 17.05.2010 година.

